**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

# Заклучоци и препораки од 20. седница на НСП, одржана на 15.8.2012 година

1. **Усвојување на записниците од 18. и 19. седница на НСП**

Националниот совет за платни системи на Република Македонија (НСП) ги усвои записниците од 18. и 19. седница.

2. **Усвојување на Извештајот за остварувањето на Стратегијата за развој на платниот систем во Република Македонија до 2011 година**

Националниот совет за платни системи на Република Македонија (НСП), без забелешки и дискусии, го усвои *Извештајот за остварувањето на Стратегијата за развој на платниот систем во Република Македонија до 2011 година.*

3. **Промена на периодот што ќе биде опфатен со новата Стратегија за развој на платниот систем на Република Македонија, од 2012-2016 на 2013-2017 и одложување на рокот за донесување на новата стратегија**

Од страна на НСП беше променет периодот што ќе биде опфатен со новата *Стратегија за развој на платните системи на Република Македонија,* од 2012-2016 на 2013-2017 година. Исто така, беше заклучено новата *Стратегија за развој на платните системи во Република Македонија* да биде усвоена најдоцна до крајот на 2012 година. Причините за промена на периодот на кој се однесува Стратегијата и следствено на тоа, рокот за нејзиното донесување, беа образложени од страна на претседателот на НСП. Имено, беше истакнато дека претходната стратегија го опфаќа периодот до мај 2012 година кога завршува петгодишниот период на кој се однесува таа. Оттука, беше заклучено дека со новата стратегија би требало да се опфатат идните планирани стратегиски насоки, почнувајќи од 2013 година, но не и тековните од 2012 година. Исто така, со тоа би се добило повеќе време и за дополнителни консултации со сите засегнати страни во врска со Предлог- стратегијата. Во таа насока, од страна на НСП беше одлучено Предлог- стратегијата да се достави на мислење до Здружението на банкарство, при Стопанската комора на Република Македонија.

Емилија Нацевска, с.р.
Претседател на
Националниот совет за платни системи и
советник на гувернерот за платни системи и
евроинтеграции